Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12), министерот за здравство донесе

# У П А Т С Т В О

# ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ПРИ ЈЕРСИНИОЗА ВО ИНФЕКТОЛОГИЈА И РЕВМАТОЛОГИЈА

## Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на дијагностицирање и третман на јерсиниоза во инфектологија и ревматологија.

## Член 2

Начинот на дијагностицирање и на третманот на јерсиниоза во инфектологија и ревматологија е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

## Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност за дијагностицирање и на третманот на јерсиниоза во инфектологија и ревматологија по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на на дијагностичкиот процес и на третманот, при што истото од страна на докторот соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

## Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07- 5243/2 **МИНИСТЕР**

7 ноември 2012 година **Никола Тодоров**

Скопје ____________________

Прилог

# ЈЕРСИНИОЗА

МЗД Упатство
6.8.2010


- Основни показатели
- Предизвикувач
- Симптоми и клиничка слика
- Дијагноза
- Лекување
- Индикации за специјалистичка консултација
- Поврзани извори


## ОСНОВНИ ПОКАЗАТЕЛИ

- За јерсиниоза се размислува кај пациентите со:
  - Акутна абдоминална болка
  - Акутен пролив
  - Фебрилна состојба од непознато потекло
  - Reiter–ова болест:
    - arthritis,
    - urethritis,
    - iritis, conjunctivitis
  - Erythema nodosum
  - Абнормални резултати од: урината, црнодробните тестови или тестовите за pancreatitis
  - зголемена седиментација.

## ПРИЧИНИТЕЛИ

- Yersinia enterocolitica 3 и 9, Y. pseudotuberculosis IA и 3.
- Причинителот не може да се идентифукува врз основа на клиничките симптоми.

## СИМПТОМИ И КЛИНИЧКА СЛИКА

### Симптоми на акутната инфекција

- Покачена температура
- Пролив: децата често имаат крв и слуз во столиците.
- Болка во стомакот: кај децата е почесто во десниот долен квадрант. Ако пациентот биде опериран се детектираат: мезентеријална лимфаденопатија, терминален илеитис или вистински апендицитис.

### Постинфективни симптоми

- Реактивен артритис
  - 1 до 3 недели по ентеритисот
  - Симптомите варираат од умерена артралгија до тежок полиартритис, понекогаш со Reiter-ов синдром.

    - Мал процент од пациентите развиваат хроничен артритис.
    - Болеста е во строга корелација со HLA-B27.
- Очни симптоми
    - Иритис
    - Конјунктивитис
- Уринарни симптоми
    - Уретритис
    - Баланитис
    - Гломерулонефритис
- Кожни симптоми
    - Erythema nodosum е најчестата кожна манифестација (кај околу 10% од случаите предизвикани од Yersinia); ова може да биде и единствен симптом на јерсиниозата.
- Кардиолошки наоди
    - Минливи ЕКГ абнормалности
    - Промени на залистоците не се сретнуваат при јерсиниозата.
- Други симптоми
    - Хепатитис, панкреатитис или тироидитис

## ДИЈАГНОЗА

**Копрокултура**

- Во акутната фаза е од корист.
- Сензитивноста се смалува брзо по повлекувањето на симптомите на ентеритисот.

**Серологија**

- Примарен дијагностички метод при постинфективните симптоми (артритис)
- Најспецифична е ELISA методата.

    - Неодамнешната инфекција може да се дијагностицира врз основа на еден примерок серум.
    - Класата IgM антитела се јавуваат по неколку дена, а исчезнуваат по неколку месеци.
    - Класата IgG антитела може да се детектираат со години.
    - Класата IgA антитела се делумно во врска со артритисот.
    - Вкрстена реакција се појавува помеѓу S. enterocolitica 9 и Brucella, но ELISA инхибиторниот тест кој ја потврдува дијагнозата задолжително се прави при позитивните случаи.

## ЛЕКУВАЊЕ

- Болеста вообичаено поминува спонтано.
- Хронични носители не се откриваат.
- Има малку докази за ефектите од антибиотскиот третман; ефектите од антибиотскиот третман врз појавата на постинфективните симптоми се непознати.

## ИНДИКАЦИИ ЗА АНТИБИОТИЦИ

- Септикемија
- Фулминантна болест или тешки постинфективни симптоми (на пример, артрит) се релативни индикации за антибиотска терапија.

## ИЗБОР НА АНТИБИОТИЦИ И ДОЗИРАЊЕ

- Кинолони, н.пр. ciprofloxacin 500 mg x 2 x 7 до 10 дена
- тетрациклините се добра алтернатива
- TMP-SMX е лек на избор кај децата

## ИНДИКАЦИИ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА КОНСУЛТАЦИЈА

- Акутен апендицитис
- Тешки постинфективни симптоми

## ПОВРЗАНИ ИЗВОРИ

31.12.2008

Други интернет извори

1. Cash B, Johnston M, Martin G. Yersinia Enterocolitica. eMedicine

Автор: Rauli Leino
Article ID: ebm00035 (001.020)
© 2012 Duodecim Medical Publications Ltd

1. **EBM Guidelines, 6.8.2010, www. ebm-guidelines.com**
2. **Упатството треба да се ажурира еднаш на 4 години.**
3. **Предвидено е следно ажурирање до август 2014 година.**